## Изградба на детско игралиште

**с.Радање**

Во завршна фаза е изградбата на ново детско катче за најмалите во с.Радање. Очекуваме наскоро целосно да биде оградено, хортикултурно уредено и пуштено во употреба.

Младите се нашата иднина, продолжуваме да инвестираме во нив со цел да им овозможиме среќни и весели денови исполнети со игра и насмевки!



## Турнир во мал фудбал Св.Троица, с.Таринци



Прекрасен спортски настан исполнет со дружба и натпреварување, награди, добра забава и рекреација.

Општина Карбинци ги живее најдобрите години, со многу настани на секое поле!

ОПШТИНА КАРБИНЦИ

# МЕСЕЧЕН ИНФОРМАТОР

ЈУНИ, 2024

WWW.KARBINCI.GOV.MK



# СПАСОВДЕН 2024
## с.Карбинци

По повод празникот Спасовден - денот на општина Карбинци, 28 години од формирањето на општина Карбинц оваа година го одбележавже со богата програма и повеќе манифестации во текот на денот и тоа:
-Свечена седница на Советот на општина Карбинци во општина Карбинци;
-Натпревар во боречки вештини и доделување на награди;
-Финале на турнир во мал фудбал и доделување на награди.



## БОГАТА МУЗИЧКА ПРОГРАМА






# Препреки за намалување на брзината на возилата

Целосно се завршени, со хоризонтална и вертикална сигнализација поставените препреки за намалување на брзината на возилата во село Крупиште и село Радање.

Напомена: Ве замолуваме за претпазливост и прилагодување на брзината со која се движите со цел безбедност во сообраќајот!



# СВ. ТРОИЦА 2024
## с.Таринци

По повод празникот Св. Троица, село Таринци беше епицентар на еден незаборавен музички настан одбележан со безвременските хитови на Lozano - Vlatko Lozanoski и одлична забава приредена од незаменливите Brass Brothers!



Музичко доживување за сите генерации кое ќе се памети долго!

